Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ" бр. 199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16, 64/18 и 168/18 ), член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.13/2014 и 3/2019), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните и правните лица на територијата на градското и руралото подрачје во Општина Ѓорче Петров, дека се распишува:

## Јавен повик за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови во третиот квартал од 2019 година

**Сите заинтересирани физички и правни лица може да достават иницијативи за изработка на детален урбанистички план, урбанистички план за село и урбанистички план вон населено место.**

Јавниот повик ќе трае од 03.09.2019 до 03.10.2019 година.

Јавниот повик ќе биде објавен на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk, на огласна табла во општината и секторот за урбанизам и во информацискиот систем е – урбанизам, објава во службено гласило на општината и во дневно гласило „Нова Македонија".

Заинтересираните правни и физички лица, иницијативите може да ги достават во архивата на општината или архивата во секторот за урбанизам во писмена форма, или во електронска форма преку информацискиот систем е – урбанизам.

За сите доставени иницијативи подносителите ќе бидат информирани во писмена форма, или во електронска форма преку информацискиот систем е – урбанизам.

Прифатените иницијативи од Јавниот повик ќе бидат вградени во програмата за урбано планирање „Ф" на општината за 2019 година.

Средствата за прифатените иницијативи за изготвување на потребната документација, треба да ги обезбедат подносителите на иницијативите - правни или физички лица.

**Број 09-2919/2**
**Од 02.09.2019 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник**
**Александар Наумоски**